# 06.05.2011г. СРД ќе одржи работилница за методологијата за мониторинг на медиумското претставување во изборната кампања

**СКОПЈЕ, 06.05.2011** – Со почетокот на изборната кампања на 16ти мај 2011, започнува и мониторингот на СРД врз работењето на радиодифузерите. Со цел тие полесно да го усогласат своето работење со одредбите од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања, СРД организира работилница за методологијата за мониторинг на медиумите во изборната кампања.

Работилницата ќе се одржи во понеделник, 9ти мај во 12 часот во просториите на СРД. На работилницата се поканети да присуствуваат сите национални медиуми.